# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## септември 2016

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- **Одржани два свечени настани на сечење лента.** Во соработка со училиштата и општините, се реализираа два свечени настани на сечење лента со што се прославија успешно завршените реновирања на училиштата ОУ „Александар Здравковски", Општина Јегуновце и ОУ „Дрита", Општина Сарај. Пред бројната публика на настаните беа презентирани ученичките активности кои се спроведуваат со ученици од партнерските училишта, со цел споделување на добрите практики кои придонесуваат за унапредување на меѓуетничката интеграција.
- **Гостувања.** Претставници на ПМИО гостуваа на неколку телевизиски утрински програми со цел тековно да се споделат резултатите, активностите и прогресот кој се случува во рамките на училиштата во насока на меѓуетничка интеграција. На ТВ21 и МРТВ се сподели околу неодамнешните и претстојните активности, како и институционалната поддршка за активностите за меѓуетничка интеграција, додека пак на ТВ Телма се сподели со јавноста околу реновирањата и поддршката на училиштата погодени од поплавите во август. На ТВ Алсат гостуваа двајца родители кои беа дел од грант-програмата за родителска вклученост во активности за МИО со цел споделување на нивните искуства и позитивни практики. Истотака, родителските активности за МИО беа медиумски покриени од страна на ТВ Канал 5. Дополнително, беше организиран и состанок со водителка на дебатна емисија на ТВ21 – Клик плус, на којшто се дискутираше околу можноста за учество на ПМИО на истата.
- **Форум театри.** Во рамки на креативните корнери на училиштата СОУ „Орде Чопела" Прилеп и АСУЦ „Боро Петрушевски", Скопје, под водство на претходно обучените наставници се одржаа два форум театри. На форум театрите присуствуваа преку 150 ученици, наставници, како и други гости од локалните заедници кои имаа можност активно да ги споделуваат своите ставови, да соработуваат и изнаоѓаат потенцијални решенија на поставената сцена, со цел постепено разбивање на предрасудите и стереотипите и зајакнување на меѓуетничката соработка.
- **Подготовки за претстојните активности.** Се работеше на подготовки за претстојните свечени настани на сечење лента, јавните промотивни настани, форум театрите, јавните презентации на продуктите од креативните работилници, како и дебатната академија. Дополнително, се одржаа и координативни состаноци со партнерските организации со цел планирање на следните активности.
- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите на ПМИО.** Дел од активностите опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку фејсбук страницата *Интегратика,* како и веб-страницата на проектот www.pmio.mk. Дополнително, активностите кои се одвиваа во рамките на училиштата (самостојни или во партнерства со другите училишта), во периодот имаа медиумска поддршка и покриеност. Се подготви и медиумскиот информатор и беше споделен со сите медиумски куќи низ земјата.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Реализација на заеднички активности со родителска вклученост.** Во рамки на грант-програмата за родителска вклученост во МИО, се реализираа заеднички активности на етнички мешани групи родители и ученици во деветте училишта на кои што им се додели грантот. Се посетија заедничките активности на родителите со различна етничка припадност во основните училишта: „Браќа Миладиновци", Струга, „Никола Карев", Крушево, „Мустафа К. Ататурк", Гостивар, партнерските училишта и активности во „Благој Кирков", Велес и „Рајко Жинзифов", с. Оризари, „Христијан Т.Карпош", Куманово и „7 Марси", с. Опае. За потребите на грант-програмата за родителска вклученост во МИО се достави и техничка опрема во две училишта (ОУ „Браќа Миладиновци", Струга и ОУ „Христијан Т. Карпош", Куманово).
- **Реализација на завршни настани во грант-програмата за родителско учество во МИО.** Организирани и посетени беа осум завршни настани во програмата за родителско учество во активностите за МИО во училиштата кои што ја реализираа оваа грант-програма. Партнерските училишта „Христијан Т. Карпош", Куманово и „7 Марси", с. Опае заеднички ја подготвија завршната активност во училиштето во Куманово. Испратени беа и прашалници за родителите – учесници, како и електронски прашалници до училиштата.
- **Учество на Меѓународната конференција Педагогија на модерното глобално општество**. Претставници на ПМИО учествуваа на конференцијата организирана од Институтот за педагогија во Скопје, по повод 70- годишниот јубилеј на научно-наставната дејност на Институтот при Филозофскиот факултет.
- **Административна и финансиска поддршка на малите грантови.** Обезбедена беше поддршка на училиштата кои се дел од програмата за мали грантови при изготвување на админстративни и финансиски документи за исплата.
- **Реализација на втор летен камп.** Се одржа вториот летен ученички камп на кој учествуваа 42 ученици од четири училишта од Тетово (ОУ „Лирија", ОУ „Братство Миѓени", ОУ „Александар Цветковски" и ОУ „Шемшово"), придружени од 8 наставника. На кампот учениците имаа можност да соработуваат во различни мешани групи преку реализацијата на игри за тимска соработка и спортски и забавни активности.
- **Супервизиски состанок со мастер обучувачи и ментори.** На состанокот им се дадоа на мастер обучувачите и менторите насоки за одржување на менторските средби со СИТ-ови во насока на давање поддршка и продлабочување на нивните капацитети за унапредување на квалитетот на МИО активности во нивните училишта.
- **Отпочнување со реализација на менторски средби со СИТ-ови од сите 3 фази училишта.** Целта на менторските средби е да се направи согледување и рефлексија за досегашните постигања и предизвици од спроведување на активностите на МИО во училиштата како и да им се дадат насоки и препораки за натамошна реализација и обезбедување на одржливост на МИО активностите.
- **Одржани состаноци со сите училиштата од избраните шест општини во рамки на активноста „Денови за меѓуетничка интеграција".** Целта на состаноците беше запознавање на училиштата со концептот на активноста „Денови за меѓуетничка интеграција" и планирање на заедничките активности со учество на сите училишта во рамки на своите општини (Бутел, Куманово, Брвеница, Гостивар, Кичево и Струмица).

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Обука/работни средби со СИТовите од модел училиштата**. Во текот на месецот се одржаа три работни средби на кои учествуваа СИТовите од четирите модел училишта од Куманово, Охрид и Кичево. На средбите беа анализирани резултатите од самоевалуацијата на училиштата како и резултати од евалуација на училишни активности од страна на наставници и ученици.
- **Подготовки за денови за меѓуетничка интеграција**. Во текот на месецот беа одржани четири средби со претставници од општини одговорни за образование и директори (координатори на СИТовите) од сите училишта во рамки на четири општини (Куманово, Гостивар, Кичево и Охрид). На средбите се објасни концептот за организирање на „Денови за меѓуетничка интеграција", како и улогата на секое училиште во настаните. Исто така, во Кичево и во Охрид се одржаа средби за планирање на активностите со наставници, реализатори на активностите. Дополнително, секоја група (по четири во секоја општина) веќе реализираа по една заедничка работилница со мешани групи ученици.
- **Приредби**.На почетокот од месецот во ОУ „Братство Единство" беше одржана приредба по повод пречекувањето на првачињата во училиштето. Приредбата беше реализирана со интегрирани точки со ученици од сите заедници и наставни јазици.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Технички прием.** Во шест училишта завршија активностите за реновирање, кои беа обврска на ПМИО. Технички прием на завршените активности беше организиран во следните училишта:
  - ОУ „Рајко Жинзифов", Општина Чаир;
  - ОУ „Св.Климент Охридски", Општина Битола;
  - ОУ „Браќа Миладиновци", с.Дедебалци, Општина Могила;
  - СОУ „Нико Нестор", Општина Струга;
  - ОУ „Гоце Делчев", с.Теново и с.Радиовце, Општина Брвеница;
  - ОУ „Кирил и Методиј", с.Бучин, Општина Крушево.

  Во овие училишта завршени се работите кои се обврска на училиштата и општините.
- **Опрема за одржување на училишни објекти**. Доставена е опрема за одржување на училишните згради во шест училишта кои се реновираа во 2016 г.
- **Реновирање на дополнителни две училишта со заштедени средства.** Со комплетирањето на тендерите и потпишувањето на договорите со градежните компании за реновирање на 13те училишта во фаза 5 се направи пресек на буџетот за реновирање и евидентирано е дека во буџетот има средства за реновирање на дополнителни две училишта. Оваа заштеда е направена како резултат на начинот на спроведување на јавните набавки, конкурентноста меѓу фирмите и добиените ниски цени за бараниот квалитет на материјалите и работите. Избрани се училишта од листа на чекање која беше формирана при оценувањето на апликациите за избор на училишта во јануари 2016 година. Дополнителните две училишта се:
  - ОУ „Христијан Карпош", Куманово и
  - ССОУ „Моша Пијаде", Тетово.

  Двете училишта доставија апликација за реновирање и техничка документација за приоритетните проекти за реновирање.
- **Меморандум за соработка (МоУ).** Меморандумите за соработка за двете

дополнителни училишта потпишани се од страна на градоначалниците на општините и директорите на училиштата, со што сите вклучени страни преземаат одговорности во процесот на реновирање.

- **Тендер за избор на најповолен изведувач**. Подготвени се тендери за избор на најповолен изведувач за реновирање на двете училишта, доставени се барања за понуди и одобрени се фирми за изведба на активности за реновирање.
- **Евалвација на прво рангираните фирми за изведба на проект за реновирање на дополнителните две училишта од фаза 5.** Организиран е состанок за евалвација со прво-рангираните фирми за изведба на проектите за реновирање на двете дополнителни училишта и целосната документација за избор на најповолен изведувач доставена е до УСАИД на одобрување.
Листата со избраните фирми изведувачи за двата проекти објавена е на веб страната на ПМИО http://pmio.mk/category/tender-results/.
- **Вовед во работа.** Организиран е состанок за вовед во работа на избраните фирми изведувача во присуство на претставници на ПМИО, фирмите изведувачи, надзорите на изведба, училиштата и општините. Потпишани се договори со избраните компании за изведба на проектите за реновирање на двете дополнителни училишта.
- **Менторски сесии**. Одржана е менторска сесија со членовите на ТРУ во СОУ „Нико Нестор" во Струга за Модул 1- изработка на план и буџет за одржување на училиштата;
- **Месечни состаноци во 13 училишта од фаза 4 за следење на работата за одржување на училишните згради.** Сите 13 училишта реновирани во фаза 4 беа посетени од стручни лица кои ја пратат работата и процедурите за одржување на училиштата и им беше дадена стручна помош во однос на одржувањето на училишните згради (градежни позиции, систем за греење, електрични инсталации, хигиена).

## Мониторинг и евалуација

- **Електронско истражување.** Се финализираше работната верзија на извештајот од електронското истражување. Истотака се подготвува електронска апликација за пишување извештај од грантот за родителско вклучување.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

### Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците

- Одржување на свечени настани на сечење лента;
- Организирање и презентација на форум театри во училиштата;
- Јавни презентации на продуктите од креативните работилници;
- Одржување на пред-премиера на Прирачникот за „40 спортски активности и забавни игри за интегрирање на децата и младите";
- Промотивен настан на Прирачникот за „40 спортски активности и забавни игри за интегрирање на децата и младите";
- Организирање на дебатна академија;
- Редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку фејсбук страната Интегратика и веб-страната на проектот www.pmio.mk.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- Одржување на завршни настани за „Денови за интеграција";
- Одржување на менторски средби со СИТ-ови од сите 3 фази училишта;
- Административно и финансиско регулирање на процедурата за исплата на грантовите за родителско вклучување во активностите за МИО;
- Реализација на промотивни настани од страна на општините за продлабочена соработка за МИО во нивна соработка со училиштата кои што ќе ги презентираат постигањата во МИО;
- Административно и финансиско регулирање на процедурата за исплата на малите грантови.

### Компонента 3 – Модел училишта

- Одржување на Денови за меѓуетничка интеграција во Куманово, Гостивар и Кичево;
- Организирање на отворени денови во општина Охрид во ОУ „Братство Единство", Охрид и ОУ „Живко Чинго", с.Велгошти;
- Одржување на заеднички работилници со ученици од различни училишта во општините Куманово, Гостивар, Кичево и Охрид;
- Дистрибуција на промотивен материјал – таблоа за брендинг на Модел училиштата.

### Компонента 4 – Стимул за училиштата

- Отпочнување со активности за реновирање во две училишта;
- Технички прием на објектите во кои ќе бидат завршени градежните активности;
- Обука за одржување на училишни објекти наменета за технички персонал и секретари во училиштата од фаза 5.

### Мониторинг и евалуација

- Финализирање на извештај од електронско истражување;
- Презентација и дискусија на резултатите од електронското истражување пред претставниците од работната група и други активности со работната група на МОН.